Уп. бр. 08-111

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КРОАТИА осигурање д.д., со седиште на улица ул. Ватрослава Јагича бр. 33, Загреб, Хрватска и АВ Интернационал ГмбХ, со седиште на Мутхгассе 27, 1190 Виена, Австрија преку Јасмина Брезовска адвокат од Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ од Скопје, на седницата одржана на ден 17.08.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која КРОАТИА осигурање д.д., со седиште на улица ул. Ватрослава Јагича бр. 33, Загреб, Хрватска и АВ Интернационал ГмбХ, со седиште на Мутхгассе 27, 1190 Виена, Австрија ќе се основаат заедничко друштво, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 15.07.2026 година, а дополнето на 24.07.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација од КРОАТИА осигурање д.д., со седиште на улица ул. Ватрослава Јагича бр. 33, Загреб, Хрватска и АВ Интернационал ГмбХ, со седиште на Мутхгассе 27, 1190 Виена, Австрија, со која КРОАТИА осигурање д.д.и АВ Интернационал ГмбХ ќе формираат зедничко вложување.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

КРОАТИА осигурање д.д. е трговско друштво со основна дејност осигурување и реосигурување.
Дополнително, преку претпријатијата во сопственост на КРОАТИА осиурување д.д. (во понатамошниот текст „Група КРОАТИА"), на географскиот пазар во Хрватска но и во Словенија, Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија, покрај работите на осигурување и реосигурување, ги вршат и следните дејности: управување со пензиски фондови, вршење технички прегледи на возила, обезбедување медицински услуги, и работење со недвижности.

КРОАТИА осигурање д.д. е во мнозинска сопственост на друштвото АДРИС ГРУПА д.д., со седиште во Ровињ, Обала В. Назора 1,Хрватска чија основна дејност е управување и вложување, преку кое е пристуна на пазарот на туриза, производство на здрава храна, осигурување и енергетика.

Во Република Северна Македонија, КРОАТИА осигурање д.д. е присутна на пазарот на осигурување, преку две свои поврзани претпријатија над кои остварува директна контрола и тоа:

- КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје – друштво за осигурување на живот Скопје – ул. Железничка бр. 41, 1000 Скопје;
- КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје – Друштво за неживотно осигурување Скопје – ул. Железничка бр. 41, 1000 Скопје.

**АВ Интернатионал ГмбХ**, е трговско друштво кое дејствува како меѓународна холдинг и сервисна компанија во рамките на групацијата АВАГ Холдинг СЕ (во натамошниот текст: „АВАГ").

АВАГ Холдинг СЕ е една од водечките автомобилски трговски групации во Европа, со акцент на координација и административна поддршка на мрежата на авто-куќи надвор од Германија.

АВ Интернатионал ГмбХ е под непосредна контрола и во 100% сопственост на АВ Холдинг Интернатионал кое, пак, е под непосредна контрола и во 100% сопственост на АВАГ Холдинг СЕ. АВ Интернатионал ГмбХ управува со меѓународните активности на АВАГ Холдинг СЕ преку мрежа на претпријатија под мнозинска контрола во Австрија, Хрватска, Словенија и Унгарија.

АВ Интернатионал ГмбХ не е присутна и нема поврзани друштва на географскиот пазар во Република Северна Македонија.

Концентрацијата претставува основање на заедничко вложување (joint venture), кое на долгорочна основа ќе врши активности на автономна економска целина. Заедничкото вложување има за цел основање на потфат кој ќе делува на хрватскиот пазар и како главна дејнсот врши поправка и одржување на моторни возила.

Заедничкото вложување нема да врши дејности ниту ќе остварува приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**